на собирачката активност, а како главен носител и координатор на републичко ниво да биде Мемоарското одделение при ИНИ — Скопје. Потоа, заблагодарувајќи им се на сите учесници на Советувањето, кои со својата работа и плодните дискусии придонесоа за успешното изведување на Советувањето, ги поздрави учесниците, истакнувајќи дека оваа практика и во иднина ќе треба да се продолжи и негува.

Ѓорѓи МАЛКОВСКИ

## ТЕРЕНСКА НАСТАВА НА СТУДЕНТИТЕ ОД III И IV ГОДИНИ НА ННСГ ЗА ИСТОРИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Потребата за теренска настава на идните професори по историја е составен дел од наставната програма на четиригодишните студии на оваа научно-стручна дисциплина. Оваа потреба е проверена во школската практика. Студентите треба да се запознаат со културно-историските споменици на нашата земја, со локалитетите каде што се одвивале значајни настани од нашата историја, да се запознаат со живите учесници, современиците и сведоците на настаните од нашето најново минато; запознавање со уметничката страна на културно-историските споменици, збогатување на културната содржина којашто треба да ја поседува секој педагог како би можел како водич на ученички екскурзии адекватно да ги толкува историските факти на спомениците и настаните на учениците коишто му се доверени, да ги воспитува и да формира кај нив социјалистички патриотизам и љубов спрема својата земја .Оттука и сосема е оправдано што во наставните планови за оваа студиска група е предвидена и теренска настава за студентите од завршните години.

Имајќи ги предвид сиве овие потреби, ННСГ за историја организираше теренска настава за студентите од III и IV година. Оваа теренска настава траеше од 4 до 9 мај 1983 година, со следниот итинер: Скопје, Куманово, Манастирот Прохор Пчински, Лесковац, Ниш, Кралево, Крагуевац, Топола, Белград, Нови Сад. На враќање: Нови Сад, Шабац, Валево, Титово Ужице, Пријеполе, Пеќ, Призрен и Скопје.

Раководител на оваа теренска настава беше проф. д-р Александар Апостолов, којшто предава Историја на народите и народностите на СФРЈ — нов век. Во теренската настава учествуваа 29 студенти.

Оваа петодневна теренска настава беше однапред подготвена на тој начин што беа дадени задолженија на поедини студенти да во вид на кратки реферати и соопштенија ја запознаат групата со значајните локалитети и настани од нашата културна и политичка историја. Со оглед на фактот што почетокот на теренската настава се поклопуваше со два значајни јубилеи од нашата историја, 4 мај — 3 години од смртта на Јосип Броз Тито, и 80 години од трагич-

ната смрт на Гоце Делчев, уште на почетокот од патувањето професор Апостолов на студентите им одржа пригодно предавање за овие два наши великани. Во манастирот Прохор Пчински еден студент одржа предавање за I заседание на АСНОМ (2. 8. 1944 г.). Притоа, беше разгледана салата каде што беше одржано ова заседание со сите експонати коишто се изложени во неа. Потоа групата ја разгледа црквата, а еден студент одржа предавање за нејзиното значење и материјалната уметничка вредност. Истиот ден историчарите според предвидената програма пристигна во Лесковац. Во Лесковац го посетија и разгледаа музејот со сите негови експонати со помош на стручните и интересни објаснувања на кустосот на музејот Радмила Стојановиќ. Потоа групата по љубезната покана од деканот на Технолошкиот факултет д-р Живан Стојковиќ ја посети зградата на овој факултет. Управата на текстилниот дом на чело со професорот по историја и нејзиниот управник Добросав Туровиќ беше љубезна да приреди бесплатен ручек.

Групата потоа го продолжи патот преку Ниш кон Кралево. Попладнето, историчарите според утврдениот план го разгледаа манастирот Љубостиње. Наредниот значаен културен споменик од нашата историја ,манастирот Жича студентите го посетија истиот ден.

Вечерта групата пристигна во Крагуевац. Според предвидената програма историчарите го посетија спомен паркот „Шумарица“, место каде што на 21 октомври 1941 година беа стрелани 7.000 невини жртви. Групата го разгледа споменикот којшто на симболичен начин ја прикажува прерано завршената младост. Во музејот кустосот им одржа предавање на студентите за минатото на Крагуевац и неговото значење како престолнина на државата во времето на Милош Обреновиќ, потоа предавање за развојот на народноослободителната борба во овој крај. Во свечената тишина студентите читаа потресни пораки коишто учениците ги пишуваа до своите најблиски во предвечерието на стрелањето. Групата понатаму го продолжи патувањето кон Топола. Патувајќи низ питомите предели на Шумадија еден студент одржа кусо предавање за водачот на I српско востание Караѓорѓе Петровиќ, наведувајќи притоа и некои непознати детали. Групата откако ја разгледа црквата „Св. Ѓорѓи“ на Опленец го продолжи патот кон Белград. Според предвидената програма, студентите ја посетија куќата на цвеќето кадешто со минута молчење му оддадоа почит на нашиот великан Јосип Броз Тито. Студентите го посетија и музејот „25 мај“ каде што ги разгледаа изложените експонати. Истиот ден попладне, историчарите во пријатна прошетка ги разгледаа остатоците од некогашната тврдина на Калемегдан. Групата го продолжи патот кон Нови Сад. Утредента историчарите го посетија Филозофскиот факултет во Нови Сад каде што беа срдечно пречекани. На групата и беше приреден прием во присуство на професори на овој факултет. Професорот Апостолов се заблагодари во името на нашата група за пречекот и пригодните подароци за нашиот факултет. Потоа, студентите заедно со колегите од новосадскиот факултет го разгледаа

Нови Сад. Притоа, студентите ја посетија Матица Српска, книжевно и културно друштво основано 1826 година во Пешта по иницијатива на Јован Хаџиќ и неколку пештански трговци.

За време на разгледувањето на просториите на Матица Српска, студентите беа запознаени со нејзиниот историјат од странат на секретарот на оваа институција. Историчарите потоа го посетија Музејот на Војводина каде што еден од кустосите им одржа предавање за експонатите изложени во тој музеј. Потоа групата ја посети и Петроварадинската тврдина од XVIII век, го посетија катакомбето во тврдината каде што им беше одржано и пригодно предавање. Истиот ден, историчарите го посетија и Сремски Карловац и првата српска гимназија во Војводина. Директорот на Гимназијата на групата и одржа предавање за оваа установа. Студентите исто така ја посетија и црквата во Сремски Карловац која што била патријаршија по Мајскиот собор 1848 година. Наредното место за посета беше Стражилово, кадешто се наоѓа гробот на нашиот голем поет Бранко Радиќевиќ. Во таа прилика студентите одржаа рецитал и го заиграа познатото Бранково оро во знак на сеќавање на овој наш поет романтичар. Утредента рано со специјален автобус групата го продолжи патот преку Ирушки Венец и рамниот Срем и ја премина Сава кај Шабац. По патот еден студент во вид на кратко излагање одржа предавање за прочуената битка на Мишарското поле кадешто српската војска ја победи турската во 1806 година. Околу пладне, групата пристигна во Титово Ужице. По ручекот, историчарите ја посетија Кадињача, историско место кадешто во народноослободителната борба се одигра прочуената битка. Работничкиот баталјон од Ужице, две чети на Рачкиот одред, една чета на Посавскиот одред и даде херојски отпор на Германците за време на I непријателска офанзива. Храбрите бранители на Кадињача не ги напуштија положаите и дури преку нивните мртви тела Германците успеаја да продрат во Ужице. Речиси целиот работнички баталјон загина. Пред овој споменик кустосот на групата во детали им го опиша текот на битката, распоредот на борците на Кадињача и за Ужичката Република. Групата потоа го продолжи патот кон Пријеполе, кадешто го посети манастирот „Милешево“. Утредента групата ја посети Пеќската патријаршија.

По должината на пеќската живописна долина и Дечанска Бистрица патувањето продолжи преку Призрен за Скопје.

На крајот можеме да заклучиме дека оваа теренска настава на студентите по историја е значајна за нивниот иден позив како раководители на ученически екскурзии.

Мира ТАСИЌ

Превел од српскохрватски јазик
Благој СТОИЧОВСКИ